**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Анита Адамческа**
За подрачјето на Основните судови на градот Скопје
Ул. Васил Главинов бр. 3/3-2
13.01.2026 година

Книга за потписите бр. 18 (осумнаесет)
Извод

**ЗАПИСНИК**
**ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО**

Јас, Нотар Анита Адамческа од Скопје, ул. Васил Главинов бр. 3/3-2, потврдувам дека на 13.01.2026 година, на писмена Покана за водење на Записник од 62- та Седница на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, бр. 124228/1 од 25.12.2025 година, од Генералниот Секретар на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, со седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар, ЕМБС 4558669, ЕДБ 4030993261735, г-ѓа Христина Чучурска, во согласност со член 92 од Законот за нотаријат, присуствував на Собрание на акционерите на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, како повикан нотар да ги потврди заклучоците и одлуките на Собранието, при што го составив следниот:----------
--------------------------------------------------------------------------------------------------
**------------------------------------------ЗАПИСНИК------------------------------------------**
**-------------------------ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ОД-------------------------**
**--------------------- 62-та Седница на Собрание на акционери на---------------------**
**-------------------------------Шпаркасе Банка АД Скопје-------------------------------**
--------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата се одржа во просториите на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар и започна како што беше и закажана во 12:00 (дванаесет) часот.------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Седницата на мое барање ми беше приложена:---------------------------

Тековна состојба на Шпаркасе Банка АД Скопје, Ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар, издадена од ЦРРСМ- РРК Скопје, под бр. 0805-50/150020260008848 на 13.01.2026 година (Прилог).-------------------------------------------------------------------

Учеството на Седницата е потврдено единствено од мнозинскиот акционер Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), со Пријава за учество на 62. Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, заведена под бр. 02-124207/1, на 25.12.2025 година (Прилог).-----------------------------------------------------

Акционерската книга (Прилог) е издадена од ЦДХВ на РСМ, на ден 13.01.2026 (тринаесетти јануари, две илјади дваесет и шеста) година, во 07:30:11 часот (седум часот, триесет минути, единаесет секунди), со последна состојба на ден 13.01.2026 (тринаесетти јануари, две илјади дваесет и шеста) година, во 07:00:24 часот (седум часот, нула минути, дваесет и четири секунди), од која утврдив дека вкупниот номинален капитал изнесува 5.594.758.050,00 МКД (пет милијарди, петстотини деведесет и четири милиони, седумстотини педесет и осум илјади и педесет денари), со номинална вредност од 2.670,00 МКД (два милиони, шестотини и седумдесет илјди денари) по акција, или вкупно 2.095.415 (два милиони, деведесет и пет илјади, четиристотини и петнаесет) обични акции, со право на глас на Собранието.---------------

Утврдив дека е изготвен Список на акционери на 62-та Седница на Собрание на акционери на **Шпаркасе Банка АД Скопје** (Прилог), кој одговара на Акционерската книга и по неговата верификација во 12:00 часот (дванаесет часот), утврдив дека на Седницата од вкупно 431 (четиристотини триесет и еден) акционер, кои поседуваат вкупно 2.095.415 (два милиони, деведесет и пет илјади, четиристотини и петнаесет) обични акции, е присутен 1 (еден) акционер, кој поседува вкупно 2.023.216 (два

милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции, односно 96,55 % од вкупниот број на акции, и тоа Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), претставувано од полномошник г-ѓа Маја Камчева- Ставрова од Скопје, со уредно Полномошно, заверено од Нотар Д-р Петер Венгер од Грац, Штаерска, Република Австрија, под рег. бр. 4020/2025, на 22.12.2025 година- Прилог.-------------------------------
Утврдив дека Собранието има кворум за работа во согласност со член 393 став 1 од Законот за трговските друштва.--------------------------------------------------------------------
Седницата ја отвори Претседавачот на претходната 61-ва Седница на Годишното Собрание на акционери и полномошник на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), г-ѓа Маја Камчева- Ставрова, која ги поздрави присутните и констатираше дека е присутен 1 (еден) акционер, кој поседува вкупно 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции со право на глас, и тоа Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), претставувано од полномошник г-ѓа Маја Камчева- Ставрова, односно дека е обезбеден кворум за работа со вкупно 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции со право на глас.--------------------------------------------------------------------------------
Полномошникот на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), г-ѓа Маја Камчева- Ставрова, како полномошник на единствениот присутен акционер, се предложи себеси за Претседавач со 62-та Седница на Собрание на акционери. Други предлози за избор на Претседавач немаше, па предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен, односно со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------------------
Се констатираше дека за Претседавач на 62-та Седница на Собрание на акционери на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, е избрана г-ѓа Маја Камчева- Ставрова.----------------------
Претседавачот Маја Камчева- Ставрова, веднаш по изборот, истакна дека согласно Законот за трговските друштва, записникот ќе го води присутниот Нотар Анита Адамческа од Скопје.----------------------------------------------------------------------------
Понатаму заради ефикасно водење на Собранието, Претседавачот предложи да биде постапено по процедуралниот дел на Дневниот ред, Избор на бројач на гласови и за бројач на гласови ја предложи г-ѓа Христина Чучурска од Скопје. Бидејќи други предлози немаше, предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен, односно со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.----------
Се констатираше дека за бројач на гласови е избрана г-ѓа Христина Чучурска.--------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Понатаму Претседавачот Маја Камчева- Ставрова премина кон утврдување на Дневниот ред и констатираше дека во законски предвидениот рок до денот на одржувањето на закажаната 62- ра Седница на Собрание на акционери не се пристигнати други предлози во однос на Дневниот ред, па предложи да биде изгласан предложениот Дневен ред:-----------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**--------------------------------------------
**1. Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови.**---------------------
**2. Разгледување на Записник од 61. седница на Собранието на акционери.**-------------
**3. Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.**------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека по објавата на Јавниот повик за одржување на 62-рата седница на Собранието, нема доставени нови предлози, а со оглед на тоа што немаше ниту дискусија по предложениот Дневен ред, истиот го стави на гласање. Дневниот ред беше едногласно усвоен, со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------
Се констатираше дека предлог Дневниот ред е усвоен.--------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа се пристапи кон **втората точка** од Дневниот ред- **Разгледување на Записник од 61. седница на Собранието на акционери**.----------------------------------------------------
Претседавачот Маја Камчева- Ставрова појасни дека Записникот од 61-та Седница на Собранието на акционери, во пропишаниот рок по одржувањето на седницата, уредно е проследен до сите надлежни институции, достапен е на интернет страницата на Шпаркасе Банка АД Скопје за сите акционери и заинтересирани страни. По втората точка немаше дискусија и одлуката беше ставена на гласање.----------------------------------
Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-------------------------------------------
Со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Записникот од 61-вата Седница на Собранието на акционери е разгледан.----------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во продолжение Претседавачот премина кон **третата точка** од Дневниот ред- **Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.------**
Претседавачот г-ѓа Маја Камчева Ставрова, образложи дека согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.--------------
Со Одлука бр. 115382/1-4-2 од 02.12.2025 година, Надзорниот Одбор на Банката предложи неколку измени и дополнувања на Статутот. ------------------------------------------
Измената на Статутот се предлага поради планираната реорганизација на надлежностите на Членовите на Управниот одбор и зголемување на нивниот број од 4 (четири) на 5 (пет) Членови, како и поради терминолошко усогласување со важечкиот Закон за банките. -----------------------------------------------------------------------------------
Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Извршниот одбор на Народната Банка на Република Северна Македонија.-----
Истовремено Претседавачпт информираше дека Народната банка на РСМ со Решение бр.15-39194/5 од 26.12.2025 година, примено во Шпаркасе Банка на ден 30.12.2025 година, издаде претходна согласност за измени и дополнувања на Статутот на Банката, што значи дека со усвојувањето на изменетиот Статут на денешното Собранието на акционери, истиот стапува во сила, а престанува да важи Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 26.12.2024 година.----------------------------------------------------------------
По третата точка немаше дискусија и предлог- одлуката беше ставена на гласање.-----
Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-------------------------------------------
Со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека следната Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје е усвоена.-------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Врз основа на член 86 став 1 точка 1 од Законот за банките и член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 13.01.2026 година, ја донесе следната: -----------------------------------------------------
-----------------------------------------------ОДЛУКА-----------------------------------------------
----------------за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје--------
I.Во Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 26.12.2024 година, се вршат следните измени и дополнувања:------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------Член 5-------------------------------------------------
1)Во член 5, став 2, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".
-------------------------------------------------Член 20-----------------------------------------------
2)Во член 20, став 4, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".-----------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------Член 30-----------------------------------------------

3)Во член 30, став 3, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 49--------------------------------------------------

4)Во член 49, став 5, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 51--------------------------------------------------

5)Во член 51, став 1, алинеа 3, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 65--------------------------------------------------

6)Во член 65, став 3, бројот "4 (четири)" се менува со бројот "5 (пет)".-----------------------

7)Во член 65, став 5, алинеа 1, зборовите "работењето со население" и последователната запирка се бришат.--------------------------------------------------------------

8)Во член 65, став 5, алинеа 2, зборовите "корпоративни клиенти" се заменуваат со зборот "население". Во истата алинеа по зборовите "со финансии" се брише запирката и се бришат зборовите "тргување и финансиски пазари". --------------------------------------

9)Во член 65, став 5, алинеа 4, по зборовите "информатичка технологија" се додаваат зборовите "и организација". Во истата алинеа зборовите "и организација" кои следат по зборовите "дигитални канали" се бришат. ---------------------------------------------------------

10)Во член 65, став 5, по алинеа 4, се додава нова алинеа 5 која гласи: "Петтиот член на Управен одбор е надлежен за активности поврзани со работењето со корпоративни клиенти и тргување и финансиски пазари."--------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 69--------------------------------------------------

11)Во член 69, став 1, точка 11, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 76--------------------------------------------------

12)Во член 76, став 3, алинеа 4, зборовите "и организација" се бришат и истите зборови се додаваат на крајот на алинеа 5.------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 77--------------------------------------------------

13)Во член 77, став 1, алинеа 7, зборовите "и организација" се бришат и истите зборови се додаваат на крајот на алинеа 7.------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 85--------------------------------------------------

14)Во член 85, став 7, точка 5, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 93--------------------------------------------------

15)Во член 93, став 3, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 106--------------------------------------------------

16)член 106 се менува и гласи како што следи:---------------------------------------------------

"Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот од 26.12.2024 година."-----

--------------------------------------------------Член 108--------------------------------------------------

17)Во член 108, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".-----

1.Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.-----------------------------------

2.Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.----------------------------------------------------------------------------------

3.Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Извршниот одбор на Народната Банка на Република Северна Македонија.-----------------------------------

-------------------------------------------О б р а з л о ж е н и е------------------------------------------

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.---------------------------------------------------------------------------------------

Измената на Статутот се предлага поради планираната реорганизација на надлежностите на Членовите на Управниот одбор и зголемување на нивниот број од 4 (четири) на 5 (пет) Членови, како и поради терминолошко усогласување со важечкиот Закон за банките.-------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Извршниот одбор на Народната Банка на Република Северна Македонија.-----
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со исцрпување на точките од Дневниот ред, 62-та Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, заврши во 12:10 часот (дванаесет часот и десет минути).-----------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 92 од Законот за нотаријатот, потврдувам дека овој Записник го водев лично и своерачно и истиот е сочинет на десет страни на десет листа, дека во него запишав се што се случуваше на 62-та Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, одржана на 13.01.2025 година, дека истиот одговара на фактичката состојба што и Претседавачот го потврди со свој потпис.--------------------

**Претседавач на Собранието:**------------------------------------------------------------------------

**Маја Камчева- Ставрова:**---------------------------------------------------------------------------

**С.Р.**

---

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од овој Записник, кој е составен на 5 (пет) страни, на 5 (пет) листа, изготвен е еден Изворник со наведените прилози, кој се чува во мојата архива, а на учесникот му се издадени три Изводи.-----------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број 10 т.7 од Законот за судски такси и чл. 144 од Законот за нотаријат е наплатена, во износ 500,00 денари.---------------------------------------

Нотарската награда согласно член 41, став 1 и член 54, став 1 од НТ, е пресметана во износ од 12.000,00 денари. Трошоци согласно член 52 од НТ, се пресметани во износ од 450,00 денари.-------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр. 17/26
Скопје, 13.01.2026 година.

**НОТАР**
**Анита Адамческа**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР АНИТА АДАМЧЕСКА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНИТА
АДАМЧЕСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНИТА
АДАМЧЕСКА
СКОПЈЕ